И6755

„Нова Македонија", 19.06.2000., бр.19026

*МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ*

# „Урбанитети" изложба на дела од светската ликовна сцена

**• Оваа современа изложба, со која се промовира иднината на светската урбана култура, ќе го отвори „Скопско лето-2000"**

Современата изложба која има за цел да ја промовира иднината во урбаната култура, под наслов „Урбанитети", на современи уметници од светската ликовна сцена од: Франција, Германија, САД, Мексико, Англија. .. и буквално од целиот свет, на 21 јуни во среда, со почеток во 22 часот ќе биде отворена во просториите на Музејот на современа уметност во Скопје -беше речено на конференцијата за медиумите која вчера се одржа во МСУ. Оваа изложба е составена од избор на дела од колекцијата на регионалниот фонд за Современа уметност, Фрак Лангедок -Русијон, претставена од страна на

г-динот Ами Барак, директор на институцијата и автор на концепцијата. Инаку, Регионалниот фонд на современа уметност Фрак Ленгедок-Русијон се наоѓа во Монпелие -Еро, и е уметничка институција заеднички поддржана и од Регионалниот совет со двојна цел: од една страна да ги поддржи креацијата и уметниците со откуп на значајни дела и со постепено создавање на една колекција, и од друга, достап до јавноста и популаризација во целиот регион, со цел доближување на современата уметност преку изложби, разни манифестации и публикации( позајмување на делата организирани од соодветни институции-музеи здруженија и центри за уметност).

На изложбата ќе се сретнат светските дела од следните уметнички имиња : Анџела Булок, Кристин Борлан, Белкасем Буџелули, Жан -Марк Бистамант, Крис Бурден, Софи Кал, Филип Казал, Клод Клоски, Лиам Гилак, Даглас Гордон/ Рирк-рит Тираванија, Греам Гасин, Фабрис Ибер, Питер Коглер/ Франц Вест, Ан -Вероника Јансенс, Вероник Жумар, Бертран Лавие, Марилен Негро/ Клаус Шурбел, Оад Мероми, Валери Мрежен, Борис Михајлов, Лајза Милрој, Бил Овенс, Габриел Ороско, Даниел Флум, Доминик Гонзалес- Ферстер, Филип Парено, Недко Солаков, Аника фон Хаусволф и Енди Ворхол.

На конференцијата за печат присуствуваше и авторот и иницијатор, г-динот Ами Барак кој истакна дека се работи за колекција која има големо реноме, и е најрепрезентативна изложба во последните години. Се состои од вкупно 35 дела, кои ги претставуваат сите можни народи, а изложбата опфаќа слики, фотографии, скулптури, графики и други уметнички дела. - Ќе биде претставена врската која ја имаат умениците на крајот на векот, со се тоа што денес претставува урбана култура - урбаноста, која ги генерира настаните. Од овој аспект мислам дека не постои разлика од Македонската до било која култура во светот. На некој начин, уметниците денес дејствуваат според симболите кои и се својствени на денешната урбана култура, без оглед дали се населени во град или село. Идејата за оваа изложба се зароди кај мене последователно со војната која се случи кај вашите несреќи соседи на Косово. Овде секој уметник се претставува преку својот сензибилитет. Во тој однос првиот параметар е ставот во однос на социјалните услови, општеството како позадина како и тоа, како да се создаде настанот -истакна Барак.

Изложбата „Урбанитети" беше кажано, дека покрај своите атрибути на висок квалитет, сама по себе, се наметна да биде вклучена во отварањето на годинашното Скопско лето-2000 .

**М.Ж.ПИЈАНМАНОВА**

*БИТОЛА*

## Изложба на копаничарот Гоце Крстевски

Во Уметничката галерија во Битола е отворена изложба на копаничарот Гоце Крстевски. Изложени се 50 копаници- делови од иконостасот на црквата „Свети Никола„ од Крушево, каде што Крстевски заедно со повеќе афирмирани копаничари учествуваше во изработката на новата црква во Крушево. Исто така, на изложбата се презентирани и дела од оригиналната колекција од ателјето „Пердика„ во Битола, на Гоце Крстевски.

М.С.